**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД СТРУГА**
**Су-04.бр.55/22**
**14.11.2022 година**
**С т р у г а**

**З А П И С Н И К**
**за административна селекција**

Составен на ден 14.11.2022 година во 13,30 часот, во Основниот суд Струга од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник – 1(еден) извршител, согласно чл.12 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, во врска со објавениот Јавен оглас бр.01/2022 на Основниот суд Струга, во дневните весници Коха и Нова Македонија од 20.10.2022 година, за вработување на судски службеник за работно место категорија Б, ниво Б4, звање и работно место Раководител на одделение за материјално финансиско работење 1- (еден) извршител - шифра СУД 0101Б04002.

Комисијата за селекција за вработување на судски службеник за работното место категорија Б, ниво Б4, звање и работно место Раководител на одделение за материјално финансиско работење, е во состав:

Соња Целакоска - Претседател на Комисијата
Дритан Бануши - член на Комисијата и
Борче Мирчески - член на Комисијата од Советот на судска служба

Предмет на работа на Комисијата е да состави записник кој ги содржи следните податоци:

-датум, место и време на одржување на административната селекција, број на огласот, датум на објава на огласот, во кој дневни весници е објавен огласот, судот за чиј потреби е објавен огласот, а за секое различно работно место кое се огласува: шифра и назив на работното место, бројот на извршители, податок за вкупен број на пријавени кандидати, број на неуредно пријавени кандидати, број на уредни кандидати, број на кандидати кои продолжуваат на полагање на испитот за судски службеник, како и име, презиме и потпис на Претседателот и членовите на комисијата и нивните заменици.

Комисијата констатира дека по објавениот Јавен оглас бр.01/2022 за работното место Раководител на одделение за материјално-финансиско работење е пријавен 1 (еден) кандидат.

По разгледување на пријавата за кандидатот, Комисијата ја утврди следната состојба:

**За работно место** Раководител на одделение за материјално финансиско работење, категорија Б, ниво Б4, **пријавен е еден кандидат, на кого во натамошниот текст му е утврдена шифра:**

Кандидат со шифра ОС СУ0101РМ

**НЕУРЕДНИ ПРИЈАВИ** за работното место Раководител на одделение за материјално-финансиско работење, категорија Б, ниво Б4, - **НЕМА.**

По извршената административна селекција, Комисијата пристапи кон вреднување на постигнатиот успех од образование, работно искуство и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, и тоа:

**За кандидатот со шифра** ОС СУ0101РМ **при административната селекција утврдени се следните бодови:**

1. Образование 9,92 бода
2. Работно искуство 2 бода
3. Познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење 5 бода

**ВКУПНО: 16,92 бода**

**Листа на кандидати со неуредна документација - НЕМА**

**Листа на кандидати со уредна документација**

| **Шифра – Кандидат** | **Бодови – образование** | **Бодови од работно искуство** | **Бодови од познавање на компјутери** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| ОС СУ0101РМ | **9,92** | **2** | **5** | **16,92** |

**Ранг листа од административна селекција**

| Шифра – Кандидат | Бодови – образование | Бодови од работно искуство | Бодови од познавање на компјутери | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| ОС СУ0101РМ | **9,92** | **2** | **5** | **16,92** |

Комисијата утврди дека пријавениот кандидат со шифра ОС СУ0101РМ, за работното место Раководител на одделение за материјално-финансиско работење, категорија Б, ниво Б4, ја помина административната селекција и истиот продолжува со полагање на испитот за судски службеник.

Кандидатот со уредна пријава да користи литература утврдена заедно со базата на прашања, објавувена на web страната на судот, односно кандидатот треба да користи литература и прашања од Судскиот деловник, Законот за судска служба, Законот за управување со движењето на предметите, Законот за буџетите-сметководство и Законот за судови .

Кандидатот до **18.11.2022 година** да ја извести комисијата на е-маил (info@osstruga.mk) или лично, кој јазик од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) ќе го полага.

**Испитот за судски службеник** ќе се одржи на ден **25.11.2022 година, во 10,00 часот** во Основниот суд Струга.

**Комисија за селекција:**

1. Соња Целакоска ________
2. Дритан Бануши ________
3. Борче Мирчески ________